**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА**

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА |
| Назив на предлогот на закон: | НАЦРТ ЗАКОН ЗА АМНЕСТИЈА |
| Одговорно лице и контакт информации: | Валентина Шаурек, државен советник<br>vsaurek@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☐**Нацрт**<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐**Заклучок на Владата на Република Македонија**<br>☐Друго ________________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☐**Не** |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 17.10.2017 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | 06.11.2017 |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | Ноември 2017 |

**1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот**

*1.1 Опис на состојбите*

Правото на простување (милост) на државата кон сторителите на казнени дела е познат во правните системи, како овластување на државата под услови

пропишани со закон, против сторители на кривични дела да не се покренува казнено гонење или на веќе осудените лица казната да им биде простена или ублажена. Институтот амнестија наоѓа смисла во неприкосновеното право на казнување на државата, од каде произлегува и правото на простување на сторителот на казненото дело.

Со оглед на наведеното се оцени за потребно да се предложи донесување на нов Закон за амнестија како израз на добра волја на државата кон одредена група на правосилно осудени лица, а со цел за нивна ресоцијализација и растеретување на затворите од прекумерниот број на лица кои се наоѓаат на отслужување на затворска казна воедно имајќи ги во предвид и условите во казнено-поправните установи во државата.

*1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Основната причина за изготвувањето на овој Предлог закон е ресоцијализација и растеретување на затворите од прекумерниот број на лица кои се наоѓаат на отслужување на затворска казна.

**2. Цели на предлог регулативата**

Целите што ќе се постигнат со донесување на Закон за амнестија се

- ресоцијализација на сторителите на кривични дела;
- финансиско растеретување на Буџетот на Република Македонија, во однос на издржувањето на затворската популација.

Основна цел на Законот за амнестија е потребата за јакнење на рехабилитативниот концепт и помагање на процесот на реинтеграција на осудените лица.

**3. Можни решенија (опции)**

*3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Доколку Владата го прифати предложениот текст на Закон , ќе го искористи ,пжноста за доделување на милост како институт за поефикасна реализација на осудените лица.

**4. Проценка на влијанијата на регулативата**

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

Предложениот текст на Закон ќе овозможи финансиско растеретување на Буџетот на Република Македонија, во однос на издржувањето на затворската популација и воедно ќе помогне во процесот на реинтегрција на осудените лица.

*4.2 Фискални влијанија*

Предложениот закон нема да предизвика дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија

*4.3 Социјални влијанија*

Потребата за јакнење на рехабилитативниот концепт и помагање на процесот на реинтеграција на осудените лица.

*4.4 Влијанија врз животната средина*

*Нема*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

**5. Консултации**

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување-Предлог законот е објавен на веб порталот на Министерството за правда. Воедно истиот беше предмет на расправа пред Советот за реформа.*

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења : Во текстот на предлог законот се вградени мислењата од Секретаријатот за законодавство.*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто:* Не беше прифатена забелешка во однос на споредните казни кои со овој предлог закон не се опфатени со амнестијата од причина што се оцени дека предмет на овој предлог закон ќе бидат само лица осудени на казна затвор. Исто така не беше прифатено намалување на бројот на кривични дела кои не се опфатени со амнестијата, од причина што дел од предложените кривични дела согласно меѓународното право не може да бидат предмет на амнестија, а за останатите како во делот на изборите и гласање или кривични дела против слободата и половиот морал, злосторничко здружување, се оцени дека со оглед на природата на делата сторителите на истите не треба да бидат опфатени со амнестијата.

**6. Заклучоци и препорачано решение**

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

**7. Спроведување на препорачаното решение**

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување: казнено –поправни установи, судови, јавно обвинителство*

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

**8. Следење и евалуација**

8.1 *Начин на следење на спроведувањето*

8.2 *Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:**

**..................................................**

**потпис на државен секретар**